# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА КОМУНАЛНИТЕ ДЕЈНОСТИ

**Сл. Весник на Р. Македонија, бр.147 од 27.08.2015 година**

### Член 1

Во Законот за комуналните дејности („Службен весник на Република Македонија" број 95/12, 163/13, 42/14 и 44/15) во членот 41 став (1) во воведната реченица зборовите: „2.000 до" се бришат, а зборовите: „правно и физичко лице" се заменуваат со зборовите: „правно лице односно трговец поединец" .

Ставот 2 се менува и гласи:

„Глоба во висина од 30% од одмерената санкција за правното лице односно трговецот поединец, ќе му се изрече за прекршокот од ставот (1) на овој член и на одговорното лице во правното лице односно во трговецот поединец - давател на комунална услуга."

### Член 2

Во членот 43 по зборовите: „мандатна постапка" се додаваат зборовите: „со издавање на мандатен платен налог".

По ставот (1) се додаваат четири нови става (2), (3), (4) и (5), кои гласат:

„(2) Надлежните инспектори од членот 30 став (1) од овој закон се должни да водат евиденција за издадените мандатни платни налози и за исходот на покренатите постапки.

(3) Во евиденцијата од ставот (2) на овој член се собираат, обработуваат и чуваат следните податоци: име и презиме, односно назив на сторителот на прекршокот, живеалиште, односно престојувалиште, седиште, вид на прекршокот, број на мандатниот платен налог кој му се издава и исходот на постапката.

(4) Личните податоци од ставот (3) на овој член се чуваат пет години од денот на внесување во евиденцијата.

(5) Формата и содржината на мандатниот платен налог ја пропишува министерот кој раководи со органот на државна управа надлежен за вршење на работите од областа на комуналните работи."

### Член 3

Во членот 44 став (2) зборовите: „согласно со Законот за прекршоци" се заменуваат со зборовите: „со издавање на прекршочен платен налог".

По ставот (2) се додаваат седум нови става (3), (4), (5), (6), (7), (8) и (9), кои гласат:

„(3) Кога инспекторите од ставот (1) на овој член ќе констатираат прекршок од членовите 41 и 42 од овој закон, составуваат записник во кој се наведуваат битните елементи на прекршокот, времето, местото и начинот на сторување на прекршокот, описот на дејствието на прекршокот. Доколку сторителот го признае прекршокот, инспекторот ќе му издаде на сторителот прекршочен платен налог заради наплата на глобата предвидена за прекршокот. Со потписот на прекршочниот платен налог се смета дека сторителот на прекршокот е согласен да ја плати предвидената глоба.

(4) Сторителот на прекршокот од ставот (1) на овој член е должен да ја плати глобата во рок од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог на сметка на Буџетот на Република Македонија означена во прекршочниот платен налог. Сторителот кој ќе ја плати глобата во даденот рок, ќе плати само половина од изречената глоба утврдена во прекршочниот платен налог.

(5) Ако сторителот не ја плати глобата од ставот (1) на овој член во рокот определен во ставот (4) на овој член, инспекторот од ставот (1) на овој член ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка пред надлежен суд.

(6) Инспекторите од ставот (1) на овој член се должни да водат евиденција за издадените прекршочни платни налози и за исходот на покренатите постапки.
(7) Во евиденцијата од ставот (6) на овој член се собираат, обработуваат и чуваат следните податоци: име и презиме, односно назив на сторителот на прекршокот, живеалиште, односно престојувалиште, седиште, вид на прекршокот, број на прекршочниот платен налог кој му се издава и исходот на постапката.
(8) Личните податоци од ставот (7) на овој член се чуваат пет години од денот на внесување во евиденцијата.
(9) Формата и содржината на прекршочниот платен налог ја пропишува министерот кој раководи со органот на државна управа надлежен за вршење на работите од областа на комуналните работи."

**Член 4**

По членот 44 се додава нов член 44-а, кој гласи:

**"Член 44-а**

Одмерувањето на висината на глобата за правно лице односно трговец поединец се врши согласно со Законот за прекршоците."

**Член 5**

Подзаконските акти утврдени во овој закон ќе се донесат најдоцна во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 6**

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за комуналните дејности.

**Член 7**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".